До: **КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
бул.„Гоце Делчев„ бр.18

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14,148/15 и 55/16) **ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ –СКОПЈЕ**, со седиште на ул.3-та Македонска бригада бр. 18 Скопје, тел.02/3298 667; факс 02/3298 667; е-маил: info@cph.mk **(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, е-маил),** в.д. директор **d-r. Shemsi Musa**
**(името на одговорното лице)** го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2017 до 31.12.2017)**

**1.** Податоци за службеното/те лице/а задолжено/и за посредување на информации кај имателите на информации: Магдалена Јованова, е-маил; m.jovanova@cph.mk; тел.02/3298 667;

**2. Број на поднесени барања – 12**

- 1(едно) барање поднесено на 22.12.2016 година се однесува на активностите кои ги спроведува Центарот за јавно здравје-Скопје, како јавна здравствена установа од превентивната дејност, извод од сметка на Центарот за јавно здравје по основ на Програмата за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) 2016 год.; извештаи кои ЦЈЗ ги има доставено до Министерството за здравство за извршени договорни услуги по програма на рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) во 2016 год.; фактури кои ЦЈЗ ги има доставено до Министерството за здравство за извршени договорни услуги по Програмата за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) во 2016 год.; извештаи кои ЦЈЗ ги има добиено од ПЗУ Д-р Радмила Зафировска каде се запишани голем дел на ромки за извршени активности повикување и земање на ПАП тестови по основ на Програма за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на матка) во 2016 год.; дали и колкава количина од флаерот за промоција на скрининг на рак на грлото на матката изработен според Програмата за рана детекција на малигни заболувања, ЦЈЗ Скопје доставило до ПЗУ Д-р Радмила Зафировска; квартален извештај со сите прилози од ПЗУ Д-р Радмила Зафировска која ги има доставено до ЦЈЗ Скопје, за спроведени активности од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во период од 01. јануари - 30 ноември 2016 год.; сите извештаи кои ЦЈЗ Скопје ги има добиено од ПЗУ Д-р Нухо Ибраими каде се запишани најголем дел од ромки за извршени активности поканување и земање на ПАП тест по основ на Програмата за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) во 2016 год.; дали и во колкава количина од флаерот за промоција на скрининг на рак на грлото на матката, изработен согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања ЦЈЗ Скопје доставил до ПЗУ Д-р Нухо Ибраими; квартален извештај со сите прилози од ПЗУ Д-р Нухо Ибраими кој ги има доставено до ЦЈЗ – Скопје за спроведени активности од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во период од 01. јануари – 30 ноември 2016 год., дали и во колкава количина од флаерот за промоција на скрининг на рак на грло на матката ЦЈЗ

Скопје доставил до ПЗУ Д-р Ложанковски каде се запишани најголем дел од ромките во 2016 год,; кватрален извештај со сите прилози од ПЗУ Д-р Ложанковски кои ги има доставено до ЦЈЗ – Скопје од програмата за рана детекција на малигни заболувања во период од 01. јануари - 30 ноември 2016 год.; извештаи кои ЦЈЗ – Скопје ги има добиено од ПЗУ Д-р Ложанковски за извршени активности поканување и земање на ПАП тест по основ на програма за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) во 2016 год.

- Одговорено на 17.01.2017 година, во електронска форма.

- 1 (едно) барање поднесено на 23.12.2017 година се однесува на активности кои ги спроведува ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, како јавна здравствена установа од превентивна дејност, сите извештаи кои Центарот за јавно здравје ги има добиено од **ПЗУ Д-р Ложанковски** за извршени активности (поканување и земање на ПАП тест) по основ на Програма на рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) во 2016 год.; извод од сметка каде се евидентирани сите приливи од Министерство за здравство по основ на Програма на рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) во 2016 год.; сите извештаи и фактури кои ЦЈЗ Скопје ги има доставено до Министерството за здравство како прилог на фактури за извршени договорни услуги по Програма за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка ) во 2016 год.; количина од флаерот за промоција на скрининг на рак на грло на матка, изработен согласно Програма за рана детекција на малигни заболувања има доставено Центарот во 2016 год. до ПЗУ Д-р Нухо Ибраими , ПЗУ Д-р Ложанковски и Д-р Зафировска Р. ; квартални извештаи со сите прилози дадени кон нив кои ПЗУ Д-р Нухо Ибраими, ПЗУ Д-р Ложанковски и ПЗУ Д-р Зафировска, кај кого се запишани најголемиот број на жени ромки ги има доставено до ЦЈЗ – Скопје за спроведени активности од Програмата за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) во период од 01 јануари до 30 ноември 2016 год.

    - Барањето е одговорено на 17.01.2017 година по електронски пат и во прилог се испратени копии од извештаите.

- 1 (едно) барање поднесено на 08.05.2017 се однесува на активности кои ги спроведува ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, сите фактури, извештаи и изводи од сметка кои ЦЈЗ - Скопје ги има доставено до Министерството за здравство за извршени договорни услуги по Програма за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка ) во периодот од 01. јануари до 31. декември 2016 год.

  - Барањето е одговорено на 29.05.2017 год. по електронски пат и во прилог се испратени копии од извештаи и фактури.

- 1(едно) барање поднесено на 09.05.2017 година кое се однесува на статистички податоци за заболени од рак на бели дробови во Скопје и општините кои припаѓаат на град Скопје, за последните 5 години (2011 – 2016), според пол и

возраст. Податоците се потребни за изработка на дипломска работа и продлабочувањето на наставните и научни сознанија кај студентите.

- Барањето е одговорено на 05. 06. 2017 година до барателот на информации во електронска и печатена форма.

- Барање поднесено на ден 29.06.2017 година од д-р на стоматологија, специјалист по ортодонција и клинички логопед, вработена во ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје, за подготовка на труд, број на живородени деца со дијагноза расцеп на непце, расцеп на усна и расцеп на непце и усна, класифицирани по МКБ – 10: Q35, Q36, Q37 податоци од истата област и во делот лекувани болни стационар / во болничка дејност во период од (2011-2016) година.

- Барањето е одговорено на 20.07.2017 год. во електронска форма.

- Барање поднесено на ден 07.07.2017 година, податоци за хипертензија кај мажи и жени од 2014 – 2016 година кај целата популација, процентуална застапеност за подготовка на дипломска работа на Високата медицинска школа во Битола.

- Барањето е одговорено на 20.07.2017 и подигнато од страна на барателот.

- Барање поднесено на 28.09.2017 година, односно се однесува на информација за појава на заболување со знаци на труење со храна кај дванаесет лица кои консумирале храна во ТП сендвичара 7-ца подружница 4, Карпош , Скопје.

- Барањето е одговорено на 28.09.2017 година, по електронски пат и лично на барателот на информацијата.

- Барање од 06.10.2017 година, статистички податоци за заболени од рак на матка, во општина Студеничане, за последните 6 години (2011 - 2016), според возраст и анемија кај бремени жени во општина Центар (2011 - 2016 ) според возраст.

- Барањето е одговорено на 31.10.2017 година, во електронска форма и лично.

- Барање од 18.10.2017 година, податоци за деца со вродени аномалии, во период од 2011 – 2016: (1) амбулантно – поликлиничка дејност и (2) болничка здравствена заштита; вродена аномалија (аномалии на срцето и на кардиоваскуларниот систем , минор и мајор аномалии, аномалии на гениталните органи, вродени аномалии на лице и устата, аномалии на дигестивен и респираторен систем).

- Барањето е одговорено во електронска форма на 03.11.2017 година.

- Барање од 24.10.2017 година, статистички податоци со цел истражување на можностите за третирање на пациенти во болничка и специјалистичко – консултативна здравствена заштита од областа на физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација. Податоци од 2015 и 2016 година за третирани пациенти на ниво на град Скопје за следниве дијагнози: Z96.6, M51,1 ,

M96.6, S00-T98, G80 – G83, G35, M15-M19, M40-M50, M50-M54, M20-M25, M60-M63, M70-M79, B96, I60-I69.

- Барањето е одговорено на 08.11.2017 година во електронска форма.

- Барање од 13.11.2017 година, а се однесува на статистички податоци за одредени заболувања од 2014 до 2016 година ( пневмоторакс, плеврален излив, белодробни цисти, туѓи тела, пневмонија).

  - Барањето е одговорено на 24.11.2017 година, во електронска форма.

- Барање од 07.12.2017 година, статистички податоци за број на регистрирани случаи , без разлика на пол и возраст, со цел за истражување на фармацевтскиот пазар за креирање на палета на лекови, за потребите на производителот за фармацевски производи, од последните три години, за следниве дијагнози: F32, F33, F34, ( со потточки ) F40.0, F40.1 , F41, F41.1, F42, G63.2.

3. Број на позитивно одговорени барања - 12;

4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање-**нема**;

5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација - **нема**

6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата- **нема**;

7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата-**нема**

8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање-**нема**;

9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање- **нема**;

10. Број на случаи на молчење на Комисијата; -**нема**

11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки-**нема**;

12. Број и видови на изречени прекршочни санкции- **нема**;

13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата- **нема**;

14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд - **нема**.

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 37 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

Подготвил**: Магдалена Јованова, дипл. педагог**
**Одделение за социјална медицина**

**Скопје, 25.12.2017 година**
**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**

**д-р Shemsi Musa**
***спец.по хигиена***
**(одговорно лице – потпис)**